

# ГЛАВНА ЦЕЛ НИ Е ДА ГО ЗАЈАКНЕМЕ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

ЦЕЛИОТ ОВОЈ ПЕРИОД ОД 14 ГОДИНИ ГО ПОМАГАМЕ ПРОЦЕСОТ НА ТРАНЗИЦИЈА КОН ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНА ЕКОНОМИЈА И ДЕМОКРАТИЈА. ДА И ПОМОГНЕМЕ НА МАКЕДОНИЈА ДА ПОСТИГНЕ ВИСОК ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ Е ЕДЕН ОД НАШИТЕ КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ, ВЕЛИ РАКОВОДСТВОТО НА УСАИД ВО МАКЕДОНИЈА.

Во 2008 година Македонската Владата, општините, и компаниите ќе се соочат со многу предизвици. Имате добри индикатори на фискална страна, ниска инфлација, охрабрувачки извештаи од меѓународните организации, но има и инциденти и проблеми кои ги тераат потенцијалните инвеститори да почекаат, да одложат некои инвестиции.

Во следниот период се надеваме да видиме развој во агро бизнисот и зголемена побарувачка, како и зголемен извоз од страна на компаниите и да продолжи дијалогот со Владата во поглед на промена на законите кои ја подобруваат бизнис климата. Да продолжи и антикорупциската борба и примената на владеењето на правото, зошто тоа инвеститорите го очекуваат од Вас! "Главните цели на нашите проекти во Македонија се раст и развој на приватниот сектор, зголемување на конкурентност на Македонија на глобалниот пазар, креирање на нови работни места и подобрување на бизнис климата во земјата. Со нашите проекти сакаме Македонија да ја направиме одржлива, да помогнеме во нејзиониот економски и демократски развој, а со крајна цел интеграција на земјата во НАТО и ЕУ", вели Патриша Рајдер, директор на Мисијата на УСАИД во Македонија која е овде од 1993 година и еден од првите донатори во земјата. Досега во Македонија има инвестирано над 500 милиони долари во проекти кои креираат нови работни места, ја редуцираат корумпираноста и ги подготвуваат македонските студенти за новата работна средина.Овие иницијативи во крајна линија треба да го подобрат животниот стандард во земјата .




Една од главните активности на УСАИД во последно време е поттикнување на децентрализацијата затоа што сметаат дека потенцијалите за економски раст на Македонија се наоѓаат надвор од Скопје, во општините. Во таа насока, напорите се насочени кон подигање на капацитетот на општините со подобрување на нивниот финансиски менаџмент и зголемување на можноста директно да позајмуваат средства.

"Општините сега се во фаза на утврдување на нивниот кредитен рејтинг и децентрализирање на образованието, што се два големи предизвици со кои општините се соочуваат. Но има и проблеми кои треба да се решат посебно со општините кои се многу задолжени и кои во многу заостануваат зад другите, многу поуспешни општини. Тоа е голем предизвик и за самата Влада и која треба да го реши за процесот нормално да се одвива", вели Рајдер.

Најдемократската работа која во моментот се одвива во Македонија со видливи резултати, според Рајс, е токму децентрализацијата и истакнувањето на силата на општините.

### ПРИМЕНАТА НА ИТ ЈА ЗГОЛЕМУВА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Пристапот на УСАИД во својата работа е секогаш концентриран на областите каде во даден период има најголеми проблеми со цел да се отстранат пречките кои во крајна линија го кочат економскиот развој на земјата. Така, проектите поврзани со судските реформи и справување со корупцијата се поврзани со загриженоста на странските инвеститори за заштитата на нивната инвестиција.

Развојот на информатичко-комуникациските технологии и зголемената употреба на Интернетот, за УСАИД, е еден од најуспешните проекти.

"Проектот MK Connect, кој ја направи Македонија првата земја во светот која е целосно покриена со безжичен интернет, навистина го олесни пристапот до Интернет и ја намали неговата цена. Мислам дека овој проект е еден од поуспешните затоа што навистина ја отвори економијата. Другиот успешен проект, Е-Биз, кој заврши летово, навистина помогна неколку индустрии да се модернизираат и да ја подобрат својата конкурентност благодарение на примената на модерните технологии",вели Рајдер.

Применувањето на ИТ процедурите во работењето на Владата, како што се електронското распределување на ЦЕМТ дозволите, ја зголеми транспарентноста, која е еден од поголемите проблеми во земјата. Но ова е почеток на еден подолг процес кој ќе осигури дека владините институции ѝ бизнис околината ја разбираат ѝ секако ја користат ИТ апликацијата , која е разработена од страна на Е-Гов проектот. Пример за ова е новиот проект за електронизација на системот за јавни набавки. Во оваа насока, од следата година ќе почнеме со обука на стотина службеници од агенции и министерства кои работат на склучување на договори и тендерирање преку промена на електронска техногија со цел, процесот да оди полесно и без проблеми.

продолжува на стр.56

# ГЛАВНА ЦЕЛ НИ Е ДА ГО ЗАЈАКНЕМЕ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

продолжува од стр.26

## "ЗНАКОТ ЗА КВАЛИТЕТ" ЕДЕН ОД НАЈУСПЕШНИТЕ ПРОЕКТИ

"Знакот за квалитет" е нешто препознатливо за македонскиот купувач, што во исто време влева и сигурност. Тој не асоцира на македонски квалитетен месен или млечен производ. Сонцето е препознатливо од страна на повеќето потрошувачи, а целта на проектот е остварена.

"Еден од најуспешните наши проекти е "Знакот за квалитет", а производите кои го носат се препознатливи и на македонскиот, но и на странските пазари", вели Марша Вонг, директор на канцеларијата за економски развој во УСАИД.

Од овој проект кој неодамна заврши, произлегоа неколку стабилни институции: лабораторија за контрола на квалитетот, консултантсата фирма, "Интегрирани системи за квалитет" која работи на објаснување и имплементирање на стандарди за квалитет во компаниите и Асоцијацијата на производители на млеко и месо, кои помагаат и натаму да се промовира Знакот за квалитет и да се наградуваат капацитетите на самите компании.

Нашиот нов проект за агро бизнис на еден начин ја продолжува и надградува работата во овие сектори.

Агробизнис проектот ќе трае четири години и вреди 5,5 милиони американски долари.

"Целта е во секоја алка од синџиротпроизводител, преработувач и маркетинг, да се додаде нова вредност. Приоритет се преработувачите на зеленчук, винопроизводителите и собирачите на диви плодовипечурки и јагодесто овошје. Овој проект е фокусиран на тоа да го зголеми економскиот развој на Македонија преку проширени и стабилни производства и преку внесување на вредност во производите од агрикултурата преку, овозможување на помош, која вклучува пренесување на знаење од областа на маркетингот за еден производ да се направи поатрактивен во однос на конкуренцијата", објаснува Вонг.

Со оглед на тоа дека воспоставувањето на врски и презентацијата во оваа област се многу важни, во рамките на проектот на УСАИД, АгБиз, 11 македонски компании присуствуваа на саемот за квалитетна храна, АНУГА, во Германија каде остварија бројни контакти и се вратија со предоговори вредни еден милион долари.

"Токму тоа е она што ние сакаме да го работиме- да креираме пазарни можности и да го поттикнуваме



### МАРША ВОНГ

■ **Што е поважно за македонските компании во овој момент - брендирањето и презентацијата или инвестициите кои го дефинираат нивниот произведен капацитет?**

Може да имате препознатлив бренд и негова добра презентација, но позади тоа мора да има нешто повеќе. Кога потенцијалниот инвеститор ќе дојде во земјата сака да ја види нивната финансиска состојба. Тој очекува да види солвентна компанија чии финансиски извештаи се направени според меѓународните стандарди.

Значи, и брендот да е препознатлив, а производот одличен има уште елементи кои дефинираат нечија одлука дали ќе влезе на овој пазар. Нема црно-бела слика. Капацитетот на компаниите е прашање на кое ние доста работиме. Се обидуваме малите производители кои работат на мал локален пазар да размислуваат како да станат поголеми, а им обезбедуваме и техничка и експертска помош. Ентузијазам има, но бара многу работа и вештини.

развојот на компаниите", вели Вонг.

### БИЗНИС КЛИМАТА Е КЛУЧНА-ПАРИТЕ ОДАТ ТАМУ КАДЕ ШТО ИМА ПОТЕЦИЈАЛ ЗА ПРОФИТ И РАЗВОЈ

Добрата деловна клима и поволното бизнис опкружување во Македонија ќе привлечат повеќе странски инвестиции. Парите одат таму каде што има потенцијал за зголемување на профитот. Затоа Македонија треба да покаже дека има ефикасна, транспарентна и некорумпирана бизнис клима, смета Марша Вонг објаснувајќи ја целта на проектот за Развој на бизнис средината, кој започна минатата година. Овој проект ќе трае уште четири години и è со приближна вредност од 10 милиони долари.

Главните активности поврзани со подобрување на бизнис климата се спроведуваат во соработка со Владата, поточно со Министерството за финансии, Царината и Бирото за јавни набавки. Овој проект работи на развивање на регулаторната средина и законодавството кои би криреле привлечна клима за инвеститорите. Се работи на законите за банкрот, за компаниски кодови, финансиски услуги, пензиски реформи и многу други кои се од критична важност. Но, она што е најважно, е овие закони усогласени со меѓународните стандарди за работа не само да се донесат и да останат на хартија. За навистина да се промени бизнис климата истите мора да се применуваат, бизнисмените и инвеститорите континуирано да се информираат за новите закони и да им се објаснува што тие значат и какви можности отвараат.

Проектот во голема мерка работи и на олеснување на трговијата и намалување на царинските формалности, како и електронското одобрување на лиценци и дозволи во тесна соработка со Проектот Е-Гов.

Проект за Развој на бизнис средината исто така му дава големо значење и на прашањето на работната сила со оглед на високото ниво на невработеност. На ова се надоврзува проектот за едукација кој во голема мерка го дефинира пазарот на работна сила во една земја.

Проектот на УСАИД за Конкуренција, кој започна неодамна со буџет од десет милиони долари, има за цел да ги гледа можностите за инвестирање, да креира нови барања за работна сила, да креира пристап до капитал и да обезбеди едукција за работната сила таму каде што е потребно.Тој има за цел да соработува со бизнис околината и инвеститорите за да ги идентификува сите пречки кои би ја пропречиле инвестицијата и развојот и секако да ги отстрани истите за да се зголеми извозот и работата на домашните фирми. Врз основа на истражувањата кои сектори имаат најголем развоен потенција, се дојде со сознание дека тоа електромеханичкиот, информациската технологија и дизајнот (мода, облека, дизајн на мебел) кои ќе бидат опфатени во првата фаза од прокетот за конкуренција. Нема да има ограничувања ако се утврди дека има потенцијали и во други сектори. "Покрај со поединечни компании ќе соработуваме и со асоцијациите на овие сектори кои во голема мерка ги опфаќаат компаниите од тој сектор и ги знаат состојбите во таа област. На тој начин ќе се дефинираат проблемите - дали тоа е недостиг на соодветен кадар, капитал, технолгија или слаб маркетинг", вели Вонг.


**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Народна Банка на Република Македонија согласно Одлука бр. 02-15/IX-1/2006 од 28.09.2006 година, објавува

**К О Н К У Р С**
**за годишна награда за млади истражувачи**
**за најдобар труд од областа на макроекономијата**

Со цел стимулирање на развојот на научната мисла и изработка на трудови од областа на макроекономијата, како и афирмација на млади и стручни кадри, Народна банка на Република Македонија (НБРМ) доделува годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата.

Годишната награда на НБРМ изнесува 100.000 денари.

Право за учество на конкурсот имаат државјани на Република Македонија до триесет и петгодишна возраст. Вработените во НБРМ и членовите на Советот на НБРМ немаат право на учество на конкурсот.

Трудовите се поднесуваат на македонски јазик. Пожелно е трудот да содржи и осврт кон македонската економија на соодветната тема. Трудот не смее да надминува 15.000 зборови (без апстракт, библиографија и анекси) и препорачливо е да има стандардна структура на научно истражување, кое ги содржи следните основни делови: апстракт, осврт на консултираната литература од областа која се истражува, опис на методите на истражување кои се користат во трудот, анализа, заклучни согледувања и библиографија.

Еден автор има право да поднесе само еден труд.

На конкурсот за избор на најдобар труд авторите имаат право да конкурираат и со веќе објавени трудови. При поднесувањето на трудот, авторот треба да наведе кога и каде бил објавен трудот.

Трудовите се поднесуваат до НБРМ со назнака: „За годишна награда на НБРМ" по електронски пат, на адреса: konkurs@nbrm.gov.mk или преку линкот "Годишна награда на НБРМ" поставен на интернет страницата на НБРМ.

Покрај трудот, авторот треба да достави и биографски податоци. Доставените трудови ќе имаат третман на материјали со доверлив карактер.

Изборот на најдобар труд го врши Одбор за евалуација, кој се состои од тројца членови, од кои најмалку еден е надворешен. Претседателот и членовите на Одборот за евалуација ги назначува гувернерот на НБРМ со решение кое ќе се објави на интернет страницата на НБРМ.

Краен рок за доставување на трудовите е **01.03.2008 година**.

Годишната награда на НБРМ ќе се додели на 26 април 2008 година, на денот на монетарното осамостојување на Република Македонија.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.nbrm.gov.mk